# РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# на ООУ „Наум Охридски“
# с.Булачани, Гази Баба

## за период од 2026 до 2030 година



Јуни, 2026

## Преамбула

Врз основа на **Законот за основно образование**, објавен во Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година, односно:

**Член 49**

(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа.

(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

А врз основа на Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, бр.18-6579/1 од 06.07.2020 година донесен од министерот за образование и наука, односно:

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

**Член 2**

**Развојната програма** за работа на основното училиште претставува документ со кој се планира мисија и визија, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | Општинско основно училиште Наум Охридски |
| Адреса | ул.5 бр.1<br>с. Булачани, Гази Баба |
| Телефон, е-пошта | 02/2575946<br>nohridski@yahoo.com |
| Период на подготовка на развојната програма на училиштето | јуни/јули 2026 |
| Број на ученици во училиштето | ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани-151<br>ПООУ,, Наум Охридски,, с. Цршево-154<br>ПООУ,, Наум Охридски,, с. Раштак-7<br>Вкупно: 312 ученици |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Елизабета Андова |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Александра Стевковска |
| Потпис | |
| Датум | |

**Содржина**

1. **Податоци за основното училиште**

1.1. Идентификациски податоци за училиштето

1.2. Историјат на основното училиште

1.3. Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | Наум Охридски |
| Адреса | ул.5 бр.1 |
| Телефон | 02/2575946 |
| Место, општина | с. Булачани, Гази Баба |
| Веб-страница | naumohridski.edu.mk |
| Е-пошта | nohridski@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 23 Декември |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 683 м2 – с. Булачани<br>521 м2- с. Црешево<br>143 м2- с. Раштак |
| Училишен двор (m2) | 3427 m2-с. Булачани<br>7024 м2-с. Црешево<br>4660 м2 – с. Раштак |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево<br>ПООУ,, Наум Охридски,, с. Раштак |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | 350 |
| Број на ученици (моментална состојба) | ООУ,, Наум Охридски,, с. Булачани-151<br>ПООУ,, Наум Охридски,, с. Црешево-154<br>ПООУ,, Наум Охридски,, с. Раштак 7<br>Вкупно: 312 ученици |
| Број на паралелки | 19 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | нема |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | две |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | нема |
| Во основното училиште има ресурсен центар | нема |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | нема |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Во пазувите на Скопска Црна Гора, на северо-источниот дел, се наоѓа село Булачани, а во него ООУ"Наум Охридски". За почетокот на работата на училиштето нема пишани податоци, но од усни кажувања се знае дека училиштето постоело уште од времето на владеењето на Турците во Македонија и тоа на истата локација кај што се наоѓа денес. Тогашното училиште било мало, примитивно и располагало со една училница и една канцеларија.

Интересно е да се забележи, а што е невообичаено за тој период, дека во училиштето настава посетувале деца од двата пола. Со заминување на Турците и доаѓањето на српската власт, училиштето ја продолжило својата работа на српски наставен јазик. Тоа трае се до 1940 год., кога новата, бугарска власт, во училиштето воведува настава на бугарски јазик. Веднаш по ослободу-вањето,во 1945 год. во училиштето се организира настава по македонски јазик и македонски учители.

Од 1945 до 1960 год. училиштето во с. Булачани работи како четиригодишно основно училиште. Од 1960 год. со одлука на НО на општина Бутел е формирано V одд.и продолжуваат до VIII одделение.

Во 1963 год. завршува првата генерација осмоодделенци и од тогаш училиштето станува основно осумгодишно училиште. Бидејќи се зголемил бројот на учениците, а просторните можности биле недоволни, во 1963г. училиштето се проширува за уште четири нови училници, две канцеларии и други помошни простории. Со доградба на училиштето се обезбедуваат шест училници кои овозможуваат целосна опфатеност на ученичката популација од споменатите населени места Булачани, Црешево и Раштак.

Од учебната 1965/66 год. со Одлука на Собранието на Саат кула, основното училиште во село Булачани станува централно со подрачни четиригодишни училишта во село Црешево и село Раштак.

Подоцна, во 1995 година и подрачното училиште во с.Црешево станува осумгодишно и ги опфаќа училишните обврзници од с. Црешево, с. Виниче и с. Смиљковци.

Денес ООУ"Наум Охридски" е централно основно училиште со две подрачни училишта, деветгодишно во с. Црешево и четиригодишно во с. Раштак.

## 1.3.Специфики кои го карактеризираат основното училиште во однос на другите основни училишта

Секогаш учениците се центар на нашето внимание и најважна е соработката со родителите заедно градејки ги промените и делејки ја грижата за нашите најмили- учениците. Нашето училиште е центар за развој на спортски активности и љубовта кон спортот преку многубројни спортски клубови како и проекти од спортот. Работиме на развојот на љубовта кон книгата и пишаниот збор преку многу настани и активности. Организираме многубројни хуманитарни акции и настани развивајки ја хуманоста кај нашите ученици. Учениците се запознаваат со сопствената, но и со другите етнички култури и традиции, и култури на други држави, ја развиваат сопствената креативност, учат за демократија детски права и одговорности заедно со сите училишта на општина Гази Баба

преку многубројни активности. Организираме многу настани и активности за развој на еколошката свест. Во реализацијата на наставните планови видлива е примената на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи. Соработувавме со, локалната средина, медиумите и други организации. Сето тоа се реализира преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружење.

Училиштето се гордее со многубројните освоени награди и први места на општинските, регионалните и државни натпревари по математика, географија, природни науки, ликовна уметност, биологија, хемија и спорт. Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваат по сите предмети и области на оценување. Што е уште позначајно во учебната 2025/2026 година го имаме највисокиот среден успех споредбено со изминатите три учебни години и многубројни вонаставни активности. Наставниците континуирано следат обуки, продлабочувајќи ги и пренесувајќи ги сопствените знаења и искуства на стручните активи во училиштето. Проекти кои се реализираат во училиштето:

- Проект ЕРАЗМУС+
- Проект за Интеграција на еколошката едукација во образованието,
- Проект за меѓуетничка интеграција вообразованието,
- Проект ,,Градиме мостови”
- Проект„Ненасилно однесување воучилиштето“
- Проект„Антикорупциска едукација на учениците“
- Проект „Заедничка грижа и правилно насочување научениците“
- Проект„ Отворено граѓанско образование“
- Проект,, Училишни градини”
- Проект ,, Дигитален компас – со сигурни чекори кон иднината,,

Институции со кои училиштето соработува на национално ниво се: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ МТСП, МИОА , Завод за ментално здравје, ресурсен центар,,Иднина, Поликлиника ,,М.А.Ченто,, Агенција за вработување, Државен завод за статистика , Јавна установа Меѓуопштински центар за социјална работа, МВР , Здружение Совет за грижи и воспитување на децата, СОС Детско село. Со невладини граѓански здруженија Пакомак, USAID, Црвен крст на Република Северна Македонија.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| **Стратешка цел 1** | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на учењето и наставата преку подобрување на професионалните компетенции на наставниот кадар.** | 1.1 Вклучување на училиштето во проекти и семинари за работа со ученици од различни категории | √ | | | Училиштето успешно ги реализираше предвидените развојни цели. Наставниот кадар активно учествуваше на семинари, обуки, работилници и проекти насочени кон работа со ученици од различни категории и унапредување на инклузивните практики. Истовремено, наставниците континуирано се професионално усовршуваа преку акредитирани обуки, стручни активи и индивидуални форми на развој, при што еден наставник напредување во звање наставник советник. Со тоа значително се придонесе кон подобрување на квалитетот на наставата и јакнење на професионалните компетенции на наставниот кадар. |
| | 1.2 Реализација на современ процес на образование – образование на 21 век | √ | | | |
| | 1.3 Тековно професионално усовршување на наставниците и унапредување во повисоки звања | √ | | | |
| **Стратешка цел 2** | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
| **Зајакнување на личниот развој и социоемоционалните вештини на учениците, нивните ставови кон учењето и вложувањето на труд со цел подобрување на образовните резултати.** | 2.1 Користење ефективни ресурси за учење | √ | | | Училиштето успешно реализираше активности насочени кон личен развој, подобрување на навиките за учење и зајакнување на социоемоционалните вештини на учениците. Учениците користеа различни ефективни ресурси за учење, наставни материјали, дигитални алатки и интерактивни активности кои придонесоа за поголема самостојност, мотивација и одговорност во учењето. Преку |
| | 2.2 Зајакнување на социоемоционалните вештини на учениците | √ | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | работилници, одделенски часови, разговори, тимски активности и поддршка од стручната служба, се поттикнуваа емпатија, соработка, самодоверба, ненасилна комуникација и позитивен однос кон училиштето. Овие активности придонесоа за подобрување на ставовите на учениците кон учењето, зголемено вложување труд и создавање поповолна клима за постигнување подобри образовни резултати. |
| **Стратешка цел 3** | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализ ирана | Образложение |
| **Зголемување на мотивираноста за работа и подобрување на постигањата на учениците преку подобрување на просторно-техничките услови.** | 3.1. Внатрешно и надворешно уредување на училишните згради | √ | | | Беа реализирани активности за подобрување на просторно-техничките услови во училиштето, со што се создаде попријатна, побезбедна и постимулативна средина за учење и работа. Беше извршено внатрешно и надворешно уредување на училишните згради, како и уредување на училишните дворови, што придонесе за подобрување на естетскиот изглед и функционалноста на просторот. Реализирани беа активности поврзани со нови градби и доградби на училишните објекти во с. Булачани и с. Цершево, согласно планираните развојни цели. Дополнително, училиштето беше опремено со нова ИК-технологија и современи нагледни средства за поддршка на наставниот процес и за опремување на мултимедијални училници. Со овие активности се зголеми мотивацијата кај учениците и наставниците и се создадоа подобри услови за постигнување повисоки образовни резултати. |
| | 3.2. Нови градби и доградби на училишните згради во с.Булачани и с.Цршево | √ | | | |
| | 3.3. Уредување на училишните дворови | √ | | | |
| | 3.4. Набавка на нова ИК – технологија и современи нагледни средства за опремување на мултимедијални училници. | √ | | | |

## 3.Фактори што влијат на развојот на основното училиште

**SWOT-анализа**

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| **Извештај од интерна самоевалуација**<br>**1. Планирање, настава и учење**<br>♣ Наставниците и стручните соработници секогаш добиваат навремени обуки од страна на училиштето за примена на современи методи и техники за планирање на наставата. По спроведените обуки, обучениот кадар редовно врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници.<br>♣ Во текот на едно полугодие наставниците најмалку два пати разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи, користат стручни искуства од различни медиуми и од регионална соработка со други училишта и со тоа ги подобруваат своите планирања.<br>♣ Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем.<br>♣ Сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Притоа, наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава, неограничувајќи се исклучиво на учебници и дополнителна прирачна литература ,обезбедувајќи целосна интеракција со учениците.За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br>♣ Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП и/или модифицирана програма според препораките од МКФ. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична и/или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти во интерес на ученикот.<br>♣ ТУИ (тимот за училишна интеграција) го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи.<br>♣ Најголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на | **(Извештај од интерна самоевалуација)**<br>**1. Планирање, настава и учење**<br>♣ Учениците немаат доволно можности да влијаат врз изготвувањето на програмите за воннаставни активности. |

| | |
|---|---|
| поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.<br>♣ Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, вклучувајќи и кодекс за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик.Со критериумите на оценување се запознаени и учениците и родителите.<br>♣ Сите наставници редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.<br>♣ Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на<br>учениците.<br>♣ Учество на нашите ученици на Регионални и Државни натпревари<br>♣ Соработка со родителите при одржување различни манифестации<br>♣ Медиумско афирмирање на училиштето со истакнување на придобивките од воннаставните активности.<br><br>**Извештај од екстерна евалуација (интегрална евалуација)**<br>**1. Планирање, настава и учење**<br>Во согласност со препораките од Државниот просветен инспекторат, училиштето презеде активности за подобрување на условите за работа. Изработен е акционен план за изградба на хидрантска мрежа со цел зголемување на безбедноста на учениците, вработените и училишниот имот. Исто така, планирани се активности за продолжување на изградбата и опремувањето на фискултурната сала, со што ќе се подобрат просторните услови за реализација на наставата по ФЗО и училишните спортски активности.<br><br>**2. Постигања на учениците**<br>(Извештај од интерна самоевалуација)<br><br>♣ Во текот на целата учебна година нашите ученици со помош на наставниците се вклучени во заеднички проекти, наставни и воннаставни активности (културни и спортски), како индивидуално, така и со соработка со локалната | **Извештај од екстерна евалуација (интегрална евалуација)**<br>➢ Директорот има поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика од сите структури на училиштето;<br>➢ Реализирање на проекти од образовен карактер;<br>➢ Добра клима за работа;<br>➢ Добра поддршка на учениците со посебни образовни потреби<br><br>**2.Постигања на учениците**<br>(Извештај од интерна самоевалуација)<br><br>♣ Потребно е поинтензивно користење на различни инструменти и методи за идентификација и следење на напредокот на надарените и талентирани ученици. |

| | |
|---|---|
| заедница. Преку тие соработки се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>♣ Со учество на наставниците во различни обуки кои ја опфаќаат областа на настава со деца со попреченост и посебно надарени, нашите наставници имаат сензибилност при детектирање на ваквите ученици .<br>♣ Наставниците успешно ги идентификуваат учениците со тешкотии во учењето и навремено обезбедуваат соодветна поддршка преку диференциран пристап, индивидуализирани активности и соработка со стручната служба, родителите и образовните асистенти.<br>♣ Наставниците успешно ги препознаваат надарените и талентирани ученици и ги поттикнуваат нивните потенцијали преку збогатени наставни содржини, истражувачки активности, проекти, натпревари и креативни задачи.<br>♣ Наставниците континуирано се професионално усовршуваат преку учество на обуки, проекти и дисеминациски активности, а стекнатите знаења и искуства ги применуваат и споделуваат во воспитно-образовниот процес.<br>♣ Училиштето има воспоставена добра соработка со родителите преку организирани трибини, предавања, работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени. Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.<br>♣ Секое тримесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година.<br>♣ Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности.<br>♣ Родителите навреме преку автоматски електронски пораки се известуваат за редовноста и постигањата на учениците<br>♣ Училиштето има свои критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО.<br>♣ Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации, истражувања и сл.).<br>♣ Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи. | ♣ Не сите родители во доволна мера ја користат можноста за редовна комуникација со наставниците во однос на постигањата и потребите на своите деца.<br>♣ Потребно е да се изнајдат дополнителни начини и форми за вклучување на родителите кои поретко учествуваат во воспитно-образовниот процес.<br>♣ Потребно е понатамошно унапредување на соработката со родителите преку работилници, советувања и споделување практични материјали за поддршка на учењето во домашни услови.<br>♣ Постои потреба од континуирано професионално усовршување на наставниците во областа на инклузивното образование, диференцираната настава и поддршката на учениците со различни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| ♣ Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците ( на родителски/индивидуални средби и индивидуални средби по барање на родителите).<br>♣ Учениците кои постигнуваат успех на натпревари се наградуваат со дипломи и пофалници.<br>♣ Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците.<br>♣ Од спроведените анкети може да се заклучи дека наставниците, родителите и учениците остваруваат одлична комуникација и соработка во реализирање на наставата. | |
| **2. Постигања на учениците**<br>**(**Извештај од екстерна евалуација)<br><br>Иако во подрачјето „Постигања на учениците" не се утврдени слабости и не се дадени конкретни препораки од страна на Државниот просветен инспекторат, училиштето ќе продолжи континуирано да ги следи и анализира постигањата на учениците, да обезбедува поддршка за учениците со различни образовни потреби, да реализира додатна и дополнителна настава, да поттикнува учество на натпревари и воннаставни активности и да презема мерки за одржување и понатамошно унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. | **2. Постигања на учениците**<br>**(**Извештај од екстерна евалуација)<br><br>➢ Добри постигања на учениците на организирани натпревари; |
| **(Извештај од интерна самоевалуација)**<br>**3. Училишна клима и односи во училиштето**<br>♣ Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот.<br>♣ Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи со професионална соработка меѓу вработените.<br>♣ Почитување на личноста, работата и споделување на знаења со помладите наставници. | **3. Училишна клима и односи во училиштето (Извештај од интерна самоевалуација)**<br><br>♣ Нашата соработка со родителите е на пониско ниво во однос на справување со насилството помеѓу учениците. Родителите на учениците кои се вклучени во несоодветно однесување имаат потреба од поголема поддршка и соработка од училиштето. Потребно е да се изведуваат обуки за подигнување на свеста кај родителите, учениците и наставниот кадар и отворена соработка за непречено одвивање на наставата на вопспитно образовниот процес со ученици со проблематично однесување заедно со останатите ученици. |

| | |
|---|---|
| ♣ Наставниците не прават разлика помеѓу учениците со различни способности, различна етничка припадност и во однос на полот<br>♣ Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето изработен со учество на претставници на сите засегнати страни и е усвоен низ транспарентна процедура со почитување на размислувањата на родителите и учениците со Статут и Правилници кои се изготвени согласно Законите.<br>♣ Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br>♣ Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа.<br>♣ Родителите имаат можност редовно да се информираат и да го следат напредокот и редовноста на учениците со добро организирани родителски средби кои резултираат со навремена информираност и добра соработка.<br>♣ Постои добра соработка со Советот на родители на училиштето, локалната средина, други училишта со кои се остварува промовирање на училиштето во локалната средина и пошироко преку заеднички активности.<br>♣ Училиштето обезбедува можност родителите да се вклучат во животот на училиштето преку најразновидни форми и активности.<br>♣ Анимирање на учениците за активности во и надвор од училиштето преку натпревари културни и спортски настани.<br>♣ Вклученост на ученичката заедница на ниво на училиште во одредени сегменти и аспекти од животот и работата на училиштето<br>♣ Учениците ги знаат, практикуваат и заштитуваат сопствените права и ги почитуваат правата на другите<br>♣ Наставниците активно работат на проекти и се мотивирани од постигањата на учениците со вклученост на учениците во ЕКО, МИО, НЕНАСИЛСТВО проекти во училиштето и пошироко.<br>♣ Училиштето постигнува значајни резултати на општинско,регионално и државно ниво, воннаставни активности и активности од секаков профил поврзани со знаењата и вештините на учениците | ♣ Слаба вклученост на родителите во активности за запознавање со правата на децата, организирани од училиштето |

| | |
|---|---|
| ♣ Училиштето тековно следи промени во образованието, соработува со сите владини и невладини организации во кои активно се вклучени учениците според своите можности, потреби и интереси.<br>♣ Училиштето има соработка со други училишта надвор од државата за реализација на интернационални проекти и за поголема афирмација на училиштето.<br>♣ Ученичкиот парламент и Ученикот правобранител функционираат одлично. Редовно имаат состаноци. Решаваат прашања, интереси и проблеми кои потекнуваaат од учениците по паралелките.<br><br>**Извештај од екстерна евалуација (интегрална евалуација)**<br><br>Училиштето е инклузивна образовна установа која континуирано се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост и активно го поттикнува учеството на учениците, родителите и локалната заедница во училишниот живот. Учениците и вработените се грижат за угледот на училиштето и со гордост ја истакнуваат својата припадност кон него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи, а наставниот кадар ужива висок степен на доверба и почит од страна на родителите.<br><br>Како една од силните страни, констатирани со интегралната евалуација, се издвојуваат добрите постигања на учениците на локални, регионални, државни и меѓународни натпревари, успешната реализација на образовни проекти.<br><br>**Извештај од интерна самоевалуација**<br>**4. Управување, раководење и креирање политики**<br><br>♣ Просторните услови на училишните згради целосно и добро се искористени;<br>♣ Училиштето е опремено со потребен мебел кој добро се одржува;<br>♣ Училиштето има добра раководна структура која може соодветно да одговори на обврските и предизвиците;<br>♣ Тимската работа е на високо ниво;<br>♣ Има транспарентност во работата;<br>♣ Раководниот тим има јасна визија за управување со конструктивност, правичност при донесувањето одлуки; | **Извештај од интерна самоевалуација**<br><br>**4. Управување, раководење и креирање политики**<br><br>♣ Изградба на топол премин од училиштето до фискултурната сала во централното училиште во Булачани<br><br>♣ Оспособување и опремување на сензорна соба во подрачното училиште во Црешево. |

| | |
|---|---|
| ♣ Постои добра опременост со надгледни средства;<br>♣ Изграден училишен имиџ;<br>♣ Библиотеката - медијатеката е сместена во многу добра просторија опремена со лектирни изданија каде уредно се води пишана и електронска евиденција;<br>♣ Училиштето организира интерни семинари и натпревари на ниво на училиште ;<br>♣ Голем број нагледни средства по сите предмети;<br>♣ Обезбедување на доволно потрошен материјал за наставниците и целиот персонал;<br><br>♣ Посветување на посебно внимание и поддршка за стручно усовршување на наставниот кадар (преку семинари и обуки);<br>♣ Наставен кадар по сите предмети, соодветно стручен и способен за работа;<br>♣ Учество на наставниот кадар во сите проекти подржани од страна на МОН и БРО;<br>♣ Почитување на законската регулатива при финансиското работење на училиштето;<br>♣ Транспарентност во голема мера во планирањето и трошењето на училишниот буџет;<br>♣ Обезбеден лектирен фонд за сите ученици;<br>♣ Соодветно опремена библиотека (во однос на книжен фонд, просторно и технички);<br>♣ Училиштето е отворено за посета од страна на родителите и тие можат да имаат пристап до сите простории и информации, на нивно барање;<br>♣ Во училиштата во с.Булачани и Црешево има парно греење;<br>♣ Опременост со стручна литература и енциклопедиски изданија;<br>♣ Медијатеката има капацитет да се унапреди во погодно место за учење и истражување, во рамките на училиштето;<br>♣ Учениците имаат пристап до компјутер и интернет;<br><br>**Извештај од екстерна евалуација (интегрална евалуација)**<br>Училиштето е инклузивна образовна установа која континуирано се грижи за здравјето и безбедноста на сите ученици, ја негува родовата еднаквост и активно го поттикнува учеството на учениците, родителите и локалната заедница во училишниот живот. Учениците и вработените се грижат за угледот на училиштето и со гордост ја истакнуваат својата припадност кон него. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки | |

| | |
|---|---|
| односи, а наставниот кадар ужива висок степен на доверба и почит од страна на родителите.<br>Училиштето располага со посебни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите, како и со куќен ред кој се однесува на сите вработени. Воспоставени се јасни процедури за постапување при прекршување на правилата и принципите утврдени со кодексите, кои доследно се применуваат.<br>Во училиштето се негува култура на заемно почитување и професионална соработка меѓу вработените. Раководниот тим и наставниот кадар имаат значајна улога во создавањето и одржувањето на позитивна и поттикнувачка училишна клима. Наставниците посветуваат внимание на однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, а воспоставен е и распоред за дежурства на наставници и ученици. На часовите и во другите училишни активности владее добра работна атмосфера, дисциплината е на високо ниво, а учениците се совесни, учтиви и соработуваат меѓусебно и со наставниците. Сите ученици се чувствуваат безбедно, прифатено и почитувано. Училиштето има правилник за пофалби, награди и педагошки мерки, кој соодветно се применува. Дополнително, се практикуваат демократски форми на учество преку демократски избран Ученички парламент.<br>Особено внимание се посветува на промовирањето на личните и образовните постигања на учениците. Наставниците ја препознаваат важноста на пофалбата како средство за мотивација и поттикнување на учениците. Секоја година се избира ученик на генерацијата, а постигнатите успеси се јавно истакнати на видно место во училиштето. Училиштето активно ги мотивира наставниците и учениците да учествуваат на натпревари на локално, регионално, државно и меѓународно ниво и има воспоставен систем за наградување на учениците кои постигнуваат значајни резултати.<br>Сите вработени, како и родителите кои се вклучени во органите и телата на училиштето, се запознаени со правата на децата. Во училниците и ходниците се изложени ученички изработки создадени во рамките на активности и работилници посветени на детските права. Училиштето обезбедува еднаков третман за сите ученици и активно ја промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност. | |

| | |
|---|---|
| Посебен акцент се става на еднаквоста, правичноста и меѓуетничката интеграција, при што обучени наставници активно учествуваат во проекти за меѓуетничка интеграција во образованието.<br>Соработката со родителите се реализира организирано и на повеќе нивоа: преку индивидуални средби, родителски состаноци на ниво на паралелка, Советот на родители и претставниците во Училишниот одбор. Училиштето постојано ги мотивира родителите активно да се вклучуваат во училишните активности и процеси.<br>Училиштето остварува успешна и континуирана соработка со локалната самоуправа, стопанските субјекти и невладиниот сектор преку реализација на заеднички проекти и учество во активности од интерес за локалната заедница. Воедно, развива партнерски односи со деловната заедница, со цел подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес и создавање можности за практична соработка. | |

| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
|---|---|
| Училиштето има можност за понатамошно унапредување преку соработка со родители, локална самоуправа, други училишта, невладини организации и деловна заедница. Постојат услови за вклучување во нови проекти, обуки, натпревари и активности што ќе придонесат за подобрување на наставата, развој на учениците, модернизација на училиштето и поголема афирмација во локалната средина. | Недоволна вклученост на родителите во воспитно-образовниот процес и во училишните активности. Недоволна соработка со родителите при справување со несоодветно однесување и насилство меѓу учениците. Ограничено учество на учениците во планирањето на вонннаставните активности. Потреба од континуирано стручно усовршување на наставниот кадар во областа на инклузивното образование и диференцираната настава.Недоволно услови и средства за реализација на планираните инфраструктурни проекти (топол премин, сензорна соба).<br>Можни финансиски ограничувања за модернизација на училиштето и подобрување на просторните услови. |

### 4. Мисија и визија на основното училиште

**МИСИЈА**

Го потикнукаме и обезбедуваме индивидуалниот развој учениците и наставниците, ја развиваме свеста за правата и одговорностите, го негуваме меѓусебното разбирање и почитување на различностите, работиме по високи етички стандарди.

**ВИЗИЈА**

Модерно и ефикасно училиште по мерка на детето. Училиште во кое се прашува и анализира, се мисли и се создава, каде се развиваат индивидуалните и колективните способности на сите субјекти.

### 5. Евалуација на работата на основносто училиште во предходните четири години ( Самоевалуација на основното училиште)

| **Приоритет** | **Образложение** |
|---|---|
| Да се зголеми учеството на учениците во планирањето,предлагањето и изборот на воннаставни активности | Зголемувањето на учеството на учениците во планирањето, предлагањето и изборот на вонnаставните активности ќе придонесе за нивна поголема мотивираност, активна вклученост и чувство на одговорност кон училишниот живот. Преку земање предвид на нивните интереси, потреби и идеи ќе се реализираат поквалитетни и поатрактивни активности, ќе се развиваат демократските вредности, иницијативноста и креативноста кај учениците, а воедно ќе се подобри нивното задоволство и учество во воспитно-образовниот процес. |
| Да се воспостават механизми за редовно прибирање на мислењата и интересите на учениците (анкети, разговори, ученички форуми, кутии за предлози) | Воспоставувањето механизми за редовно прибирање на мислењата и интересите на учениците ќе овозможи нивно активно учество во креирањето на училишниот живот и донесувањето одлуки што се однесуваат на нив. Преку анкети, разговори, ученички форуми и кутии за предлози, училиштето ќе добива навремени информации за потребите и интересите на учениците, што ќе придонесе за подобро планирање на наставните и вонnаставните активности, поголема мотивираност, чувство на припадност и развивање на демократска култура и одговорност кај учениците. |
| Потребно е да се изнајдат дополнителни начини и форми за вклучување на родителите кои поретко учествуваат во воспитно-образовниот процес | Поголемото вклучување на родителите во воспитно-образовниот процес ќе придонесе за подобра комуникација и партнерски однос меѓу училиштето и семејството. Преку воведување дополнителни форми на соработка, како што се тематски работилници, онлајн средби, индивидуални консултации и заеднички активности, ќе се поттикне поактивно учество и на родителите кои поретко се вклучуваат во животот на училиштето. Со тоа ќе се обезбеди подобра поддршка на учениците, ќе се следи нивниот напредок и ќе се создадат услови за поквалитетен воспитно-образовен процес. |

| | |
|---|---|
| Промовирање и зајакнување на улогата на Ученичкиот параламент и Ученичкиот правобранител. Поголема пристапност за учениците кои се срамат или плашат да зборуваат отворено до Ученичкиот правобранител | Промовирањето и зајакнувањето на улогата на Ученичкиот парламент и Ученичкиот правобранител ќе придонесе за поголемо учество на учениците во училишниот живот, заштита на нивните права и развивање на демократска култура. Потребно е да се создадат подостапни и доверливи начини за комуникација, особено за учениците кои се срамат или се плашат отворено да ги изразат своите мислења, проблеми и предлози. Со обезбедување безбедна и доверлива средина, ќе се поттикне навремено пријавување на проблемите, ќе се зајакне довербата во ученичките тела и ќе се подобри целокупната училишна клима и благосостојба на учениците. |
| Редовно одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето | Редовното одржување и подобрување на инфраструктурата на училиштето е неопходно за обезбедување безбедна, функционална и поттикнувачка средина за учење и работа. Со навремено одржување на училишните објекти, учлниците, дворовите и спортските капацитети, како и со модернизација на опремата, се подобруваат условите за реализација на воспитно-образовниот процес, се зголемува мотивацијата на учениците и наставниците. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

### Од приоритети кон стратешки цели

| **Приоритет/и** | **Стратешка цел** |
|---|---|
| Да се зголеми учеството на учениците во планирањето, предлагањето и изборот на воннаставни активности | Зголемување на учеството на учениците во креирањето и реализацијата на воннаставните активности |
